## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА ДРЖАВНА КОМИСИЈА ВО ВТОР СТЕПЕН ВО ОБЛАСТА НА ИНСПЕКЦИСКИОТ НАДЗОР И ПРЕКРШОЧНАТА ПОСТАПКА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 15 јануари 2018 година

Бр. 08-363/1 Претседател

15 јануари 2018 на Република Македонија,

Д-р Ѓорѓе Иванов, с.р

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА ДРЖАВНА КОМИСИЈА ВО ВТОР СТЕПЕН ВО ОБЛАСТА НА ИНСПЕКЦИСКИОТ НАДЗОР И ПРЕКРШОЧНАТА ПОСТАПКА

**Член 1**

Во Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 130/14 и 53/16), во член 3 став (4) алинеја 5 во точката 4. сврзникот „или“ се заменува со запирка.

Во точката 5. сврзникот „и“ се заменува со сврзникот „или“.

По точката 5. се додава нова точка 6., која гласи:

„6. АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2)“.

Алинејата 6 се брише.

Во став (5) алинеја 5 во точката 4.сврзникот „или“ се заменува со запирка.

По точката 5. се додава нова точка 6. која гласи:

„6. АПТИС (APTIS) – најмалку ниво Б2 (B2)“.

Алинејата 6 се брише.

**Член 2**

Одредбите од членот 3 став (4) алинеја 5 и став (5) алинеја 5 од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 130/14 и 53/16) и одредбите од член 1 од овој закон со кој членот 3 став (4) алинејата 5 и став (5) алинејата 5 се дополнуваат со нови точки 6, нема да се применуваат од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година.

**Член 3**

Претседателот и членовите кои се избрани во периодот од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година, се должни да го исполнат условот за познавање на странски јазик најдоцна во рок од една година од денот на нивниот избор.

На претседателот и членовите кои нема да го исполнат условот за познавање на странски јазик во рокот утврден во став (1) на овој член им престанува мандатот.

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.